LACTALIS
MK MLEKARNICA

Советува!

# Избирање на опрема за молзење (петти дел)

## Инвестиција и одржување

**Блокот за молзење е голема инвестициска ставка на млекарниците (за фармерите), со куќиште за животните (шталата). Во зависност од направениот избор, вкупниот износ на инвестиции и распределбата помеѓу самиот објект и различните структури поврзани со него, има многу значајни варирања.**

Без оглед на големината на стадото, молзните системи „рибина коска“ или молзење помеѓу задните нозе се најевтини. За стадо од 60 крави, „рибина коска“ е најекономичен. Разликата е мала помеѓу горен систем и долен систем, пониската цена на опремата во горниот систем во голема мерка ја пополнуваат оние во објектите за молзење со поголема површина. За истиот број на стока, молзењето помеѓу задните нозе е на повисоко ниво (околу 15 %) како резултат на повисоката цена на оптоварувањето на деловите на опремата. Спротивно на тоа, за стадо од 120 крави, молзењето на задните нозе е малку поевтино од системот „рибина коска“, но цената на опремата се компензира со придобивките во молзилиштето и во местото на чекање. Износот на инвестиции за долниот систем „рибина коска“ останува многу близок.



**Едноставна опрема за системот за молзење „рибина коска“ или молзење помеѓу задните нозе.** Објектите со горен единечен систем за молзење одговараат при ограничување на инвестициите. Сепак, бидете внимателни да не гозанемарувате дизајнот на молзниот систем и квалитетот на материјалот, со ризик да иматепроблеми со квалитетот на млекото (вклучително и липолизата).

**За големите стада, ротациските системи се поскапи од „рибина коска“ или молзење помеѓу задните нозе (+ 45-60 %), но малку поевтини од роботите**. Типот на опрема за молзење не влијае на цената за просториите за резервоарот за ладење, бидејќи зависи само од големината на стадото. Сепак, за молзилиштата, објектот за молзење и просторот за чекање се многу значаен дел од инвестицијата.

Кога е можно, употребата на постоечките објекти, но и разумен избор на дизајн (ограничувања на ѕидање, реализација на областа за чекање во областа за физичка активност...) се извор на значителни заштеди. Шталите со роботи систематски вклучуваат автоматски дотур на концентрат, мерач на млеко и најмалку еден алармен систем и контрола на протокот на млекото.

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

**За да можете да ги имате овие капацитети со други видови инсталации, потребна е дополнителна инвестиција:**

- мерач на млеко + контрола на спроводливоста: 1 000 до 1 200 евра по единица за молзење
- автоматска дистрибуција на концентрат за 60 крави (2 станици): 12 000 евра,
- автоматска дистрибуција на концентрат за 120 крави (3-4 станици): 16 000 евра до 20 000 евра.

**На пример,** за стадо од 120 крави, со вклучување на оваа опрема во внатрешен ротирачки систем од 24 единици за молзење, вкупната цена на измолзилиштето се искачува на 32.000 евра, што е значително повисока од еквивалентната инвестиција во роботски систем (единечно молзилиште со 2 единици за молзење или повеќе молзилишта со 3 единици за молзење).



За поцелосно да се проценат економските влијанија на опремата, треба да се земат предвид трошоците за одржување на секое решение. Во зависност од опремата, овие трошоци се движат од 3 до 12 евра годишно за 1000 литри млеко. Тие претставуваат 11 % до 16 % од годишната цена на блокот за молзење за „рибина коска“ и молзење на задните нозе и 18 до 23 % за ротациските системи или роботите.

**Како заклучок, ако времето за молзење и контролата на инвестицијата честопати се двата приоритетни критериуми за избор на опрема за молзење, мора да се земат предвид и други фактори:**

- флексибилноста за справување со зголемувањето на производството (максимален капацитет на роботи, неможност за продолжување на ротирачкиот систем)
- соодветност со управувањето и системот за добиточна храна на стадото (место на пасење)
- влијанието врз квалитетот на млекото
- објект за други молзачи да го користат во случај на замена.

## Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk